МПИ Жито Караорман А.Д. - Кичево
Бр. 02-81/1 од 17.11 2020 год.
Кичево

Врз основа на член 57 и став 7 од Статутот на Мелничко пекарска индустрија Жито Караорман АД Кичево со седиште во Кичево, ул. Булевар Илинден бр.44 Кичево, ЕМБС 4005139 и ЕДБ 4012996102753, Одборот на директори на одржаниот состанок на ден 13.10.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Член 1

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ**, Жито Караорман АД Кичево да се задолжи кај Стопанска Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: **СБ**) со износ до: **МКД 25.100.000,00** (со зборови: дваесет и пет милиони и сто илјади денари) или во износ изразен во валута евра (ЕУР 408.000,00) зголемен за камати (договорна и казнена) и трошоци на начин, под услови и рокови предвидени во Договорот за кредитна рамка кој се склучува меѓу СБ и Корисникот Жито Караорман АД Кичево, со сите идни анекси кон него за измени и дополнувања, продолжување на рок на важност, зголемување на износ, реструктуирање на побарувања и друго како и да ги прифати сите услови предложени од СБ и сите услови предвидени во Договорот за кредитна рамка. Се прифаќаат сите обврски и услови предвидени во одлуката/одлуките на надлежното кредитно тело при Стопанска банка АД Скопје врз основа на која се составува Договорот за кредитна рамка и сите идни анекси кон него, како и сите обврски и услови во Договорот за кредитна рамка и сите анекси кон него, предложени од страна на Стопанска банка АД Скопје;

Член 3

**СЕ ПОТВРДУВА** безусловно дека сите членови на Одборот на Директори на Жито Караорман АД Кичево ја одобруваат зделката која се состои во задолжувањето со кредитната рамка согласно Договорот за кредитна рамка и издавањето на меници, а имајќи ја притоа во предвид вредноста на зделката во однос на книговодствената вредност на имотот на друштвото утврдена според последните ревидирани финансиски извештаи на Жито Караорман АД Кичево, како и дека не станува збор за зделка на друштвото со заинтересирана страна.

Член 4

Под полна морална, материјална и кривична одговорност се потврдува дека Одборот на Директори согласно Статутот/Актот за основање на Друштвото и Законите е овластен и надлежен да одлучува за сите одобрувања наведени во овој Записник, дека не постои било каков конфликт на интереси при одлучувањето, како и дека согласно Законите и Статутот не може да стане збор за зделка за која би требало да одлучува Собранието на акционери.

Член 5

Членовите на Одборот на Директори се запознаени со содржината на Договорот за кредитна рамка која се склучува помеѓу Стопанска банка АД Скопје и Жито Караорман АД Кичево и со сите услови содржани во Одлуката од надлежното кредитно тело на Стопанска банка АД Скопје кое го одобрило во износ од МКД 25.100.000,00 со камата и трошоци и во таа смисла целосно ги прифаќаат договорните обврски и услови кои треба да ги исполни/исполнува Жито Караорман АД Кичево,

Член 2

Се овластува лицето **Слободан Јовески**, Извршен член на Одбор на Директори – Генерален извршен директор со неограничени овласувања на Жито Караорман АД Кичево, самостојно и без ограничување да ги преземе следните дејствија и тоа: да го потпише Договорот за кредитна рамка, да ги потпишува сите идни анекси кон Договорот за кредитна рамка, да потпишува барања за поединечно користење на средства, сите анекси кон нив и нови нотарски акти, сите изјави, полномошна, согласности, како и да ја потпише целокупната писмена документација потребна за имплементација на Договорот за кредитна рамка со сите анекси кон него и да ги преземе сите потребни дејствија заради реализација на Договорот за кредитна рамка со сите анекси кон него.

Член 6

Одлуката стапува во сила со нејзиното донесување

Кичево, 17.11.2020 год.

МПИ Жито Караорман А.Д. - Кичево,
Претседавач на Собрание на акционери

д-р Сретен Миладиноски

МПИ Жито Караорман А.Д. - Кичево ул. Булевар Илинден бр.44 Кичево
тел. +389 45 221 290 моб. +389 70 223 205 e-mail zitokaraorman@t.mk www.zitokaraorman.com.mk